ИСТАКНАТИ ПЕНЗИОНЕРИ

# Хроничар на настаните

Познатиот дописник , хуманист и активен пензионер **Томе Кусеников** од Гевгелија неколку децении со истакната новинарска ангажираност и нерв успеа да ги забележи и афирмира сите значајни настани во јужниот регион на нашата земја.

Како долгогодишен дописник на Македонската радио и телевизија и на повеќе скопски и белградски весници тој постојано пишуваше за случувањата не само во Гевгелија , туку и во Дојран, Валандово и Богданци.

Незаборавни се неговите јавувања за проблемите на Дојранскиот туризам ,за поплавите и регулацијата на реката Вардар, за граничниот премин Богородица, за лозарството, за оранжериското производство и друго.При тоа настојуваше секогаш да биде прв во пласманот на информацијата, а реномето го градеше не само со продуктивноста, туку и со проверка на фактите .

Со пензионирањето Кусеников активно е вклучен во активностите на Здружението на пензионерите во Гевгелија , така што со информации и белешки често се јавува и во „Пензионерски видици".

Тој е и голем хуманист и како што вели, мисијата на Црвениот крст го мотивира, го исполнува со добрина и почит кон сите луѓе.Над четири децении со својот пример како педагог кај учениците ја поттикнуваше добрината и хуманоста и грижата за старите лица. За сето тоа има добиено повеќе признанија и е прв добитник на „Златно перо на хуманоста" на Црвениот крст на



Македонија, а за својата севкупна новинарска и друга дејност носител е и на Седмоноемвриската награда на Собранието на општина Гевгелија.

А за еден хроничар на настаните и времето најмили се признанијата за творештвото и за искажаната љубов кон човекот.

**Д. Аргировски**

# Пензионерка со златни медали

Здружението на пензионерите во Тетово и годинава на 12-те Републички пензионерски спортски натпревари што се одржаа кај Велешкото Езеро „Младост" беше најуспешно и со право повторно го освои големиот преоден пехар на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. За овој успех заслужни се сите спортисти, нивните тренери и раководството. Но, со посебен респект се зборува за **Јабланка Веселиновска** која неколку години по ред е освојувач на златните медали за фрлање ѓуле.



-Тоа е мојата пасија, интензивно тренирам и резултатите



не изостануваат, а во драг спомен посебно ми се дружењата и ширењерто на искреното пријателство со луѓето од третата доба, бидејќи со овие активности пензионерите добиваат поголема волја за живот, вели со својствена гордост секогаш расположена за разговор Веселиновска.

На годинашниве Републички спортски игри Јабланка ѓулето го фрлаше како права шампионка и во глобала очекува подобро утре за животот на пензионерите во нашата земја.

Таа е активна и во органите на Собранието на Здружението на пензионерите во Тетово , а поради својата контактибилност и популарност беше избрана за член на Советот на општина Јегуновце.

Желба и е додека е здрава и витална за натпреварување да се одржи и Балканска олимпијада за пензионерите на која е сигурна дека македонските учесници ќе можат да освојат повеќе први места.

**Д.Арг.**

# Многустрано активен



Професор **Мидраг Јовановиќ** е истакнат активист во Здружението на пензионерите во скопска „Гази Баба". Се забележува на сите настани што ги организира здружението, како и на Републичките пензионерски спортски натпреавари и на фолклорните ревии.По пензионирањето во досегашната неколкугодишна активност беше член на Комисијата за спортски натпревари, а сега е член на Комисијата за излети и екскурзии и секаде создава пријатна и другарска атмосфера.Долго време другарува и со воздушната пушка како стрелец, при што има постигнато многу добри резултати, а сега е и тренер на стрелачката екипа на Здружението на пензионерите од Гази Баба.

-Како судија и натпреварувач во стрелаштво учествував на неколку републички пензионерски спортски натпревари и сум носител на златна медала, потсетува Јовановиќ. Меѓутоа, годинава на Регионалните пензионерски спортски натпревари во Скопје женската и машката екипа на Гази Баба во стрелаштво ги освоија вторите места , така што не учествуваа на завршните натпревари кај Велешкото Езеро. И покрај тоа, од 12-те Републички пензионерски спортски натпревари носам убави спомени, бидејќи имаше добра организираност и подготвеност на спортистите. Победија најдобрите, а најбитно беше што се дружевме и го ширевме пријателството. Треба да се размислува и за одржување на меѓудржавни пензионерски спортски натпревари, заклучи тој.

**Д.А.**

# Најдобар стрелец

Зима е, а во новогодишно украсената туристчка мека Охрид меѓу пензионерите и нивните семејства во фокусот на интересирањето е најавеното законско зголемување на пензиите и изнаоѓање можности средствата од Солидарниот фонд и натаму да се сервисираат преку Здружението на пензионерите. Воедно се сумираат постигањата во годината што изминува.При тоа како пример на успешен пензионер спортист се истакнува **Тоше Јанкулоски**, кој на годинашниве 12-ти Републички пензионерски спортски натпревари беше прогласен за најдобар стрелец.



Честитки од претседателот на Комисијата за спорт на СЗПМ

- Од Републичката пензионерска спортска манифестација што годинава се одржа на тераните кај Велешкото Езеро носам убави спомени, бидејќи со колегите Цветко Поповски и Владо Милошески го освоивме првото место во екипна конкуренција во стрелаштво и се закитивме со златни медали, а јас бев погласен за најдобар стрелец на натпреварите за што добив и посебен поклон, со пригодна гордост нагласува Јанкулоски.



Најдобри на игрите кај Велешко Езеро 2007

Успехот на охридските стрелци не е случаен, бидејќи и во 2006 година на републичката спортска средба во Крани го освоија високото второ место, додека во женска конкуренција екипата во состав Невена Костоска, Благуна Милошеска и Бојкица Димоска беа први, а Костоска беше прогласена и за најдобра стрелачка. Ваквиот успех придонесе спортистите на Здужението на пензионерите од Охрид и Дебрца на натпреварите во Крани 2006 година за прв пат да бидат севкупни победници и да го освојат преодниот пехар на СЗПМ.

И во новата 2008 година охридските пензионери очекуваат успеси на спортско поле, како и во другите активности.

**Д.Арг.**

# Афирматор на шахот и симултанката

Секоја средба со пензионерот, познатиот меѓународен шаховски мајстор, **Димитар Илиевски** е пријатна и разговорлива, особено ако се зборува за играта на 64 полиња.Со шахот , како љубов и препознавање тој е преокупиран веќе неколку децении, а тоа го негува и во пензионерските денови , особено како член на шаховската екипа на Здружението на пензионерите на МВР –Скопје со која на минатогодишните 11-ти Републички пензионерски спортски натпревари во Крани го освои првото место, а како играч на првата табла Илиевски беше прогласен за најдобар шахист на игрите.





Најдобри на игрите во Крани 2006

И на годинашниов скопски традиционален пензионерски шаховски турнир„ 13 ноември" Димитар Илиевски како капитен на екипата на Здружението на пензионерите на МВР го прими пехарот на победниците. И не само тоа, тој се почесто игра шаховски симултанки во пензионерските ограноци во Скопје и со својата игра и знаење се повеќе ја афирмира симултанката.

Шаховската кариера на меѓународниот мајстор Димитар Илиевски е мошне богата..Посебно се познати неговите убави партии и аналитички победи над велемајсторите Араповиќ, Дамјановиќ и редовната жртва Велимировиќ. Беше шампион на Скопје во 1969 и 1971 година, а тогаш освои и петто место на силниот турнир на солидарноста. Тој во 1978 година го постигна и македонскиот рекорд на симултанка на 58 табли победувајќи со 49: 9.

Во шаховската игра и денеска делува мошне сигурно, брзо и борбено, а поради пасионираноста и содржајните партии е љубимец на публиката.За одбележување е и учеството на пензионерот Димитар Илиевски на Купот на Македонија за сениори во мај 2007 година, играјќи за екипата на „Тетекс" од Тетово.Со тоа по петнаесетгодишна пауза повторно настапи на официјална шаховска сцена , освојувајќи од пет можни четири поени.

-Шаховската игра ми создава нови пријателства , ме одмора и ми придонесува интересно, полезно и полесно да ги минувам пензионерските денови, нагласи нашиот соговорник.

**Д. Аргировски**